РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

**ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за**

## АВТОКАМП,
## КО КАТЛАНОВО

## ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

ЈАНУАРИ, 2022

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**

## ЗА АВТОКАМП,

**КО КАТЛАНОВО**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

НАРАЧАТЕЛ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ**

ИЗРАБОТУВАЧ: **АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

ДИРЕКТОР: **м-р АНДРИЈАНА АНДРЕЕВА, дипл. инж.арх.**

Andrijana Andreeva Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2022.01.11 14:57:28 +01'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **F0521**

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава:

# *ЛИЦЕНЦА*

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

**АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СКОПЈЕ**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

**ул.ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА бр. ББ СКОПЈЕ- ЦЕНТАР, ЦЕНТАР, ЕМБС: 6067441**

**СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **06.12.2025 година**

Број: **0002**

**06.12.2018 година**
(ден, месец и година на издавање)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**
**Горан Сугарески**

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
SPATIAL PLANNING AGENCY

апп-752-101.01 Рев.00

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ТИМ И ИМЕНУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛ, ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК И ПЛАНЕРИ

Врз основа на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година (сл.весник бр.15/21) и Договорот со Министерство за транспорт и врски, Директорот на Агенција за планирање на просторот, Скопје, на ден 01.06.2021година, донесе Одлука за формирање на тим и именување на раководител на тим, планер-потписник и членови на тимот на УП.

| | |
|---|---|
| НИВО НА ИЗРАБОТКА: | Проектна програма, Документациона основа, Проектна документација (текстуален, графички и нумерички дел) |
| ИМЕ НА ПЛАНОТ: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА АВТОКАМП , КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ |
| ТЕХНИЧКИ БРОЈ: | F0521 |

**РАКОВОДИТЕЛ НА ТИМ:** м-р. Маја Доновски Лукаревска, дипл.инж.арх.овластување бр. 0.0385

| | **Работни задачи:** |
|---|---|
| **Планер потписник:** | |
| Маја Доновски Лукаревска, дипл.инж.арх.овластување бр. 0.0385 | Проектна програма, Документациона основа, Проектна документација |
| **Членови на тимот:** | |
| 1. Маја Доновски Лукаревска, дипл.инж.арх.овластување бр. 0.0385 | Документациона основа, Проектна документација |
| 2. Ана Пижула Ефкоски, дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0433 | Документациона основа, Проектна документација |
| 3. Боро Петковски, дипл.инж.арх., овластување бр. 0.0392. | Документациона основа, Проектна документација |
| 4. Билјана Темелковска, дипл.инж.арх.овластување бр. 0.0484 | **Документациона основа, Проектна документација** |
| 5. М-р Соња Г. Депинова, дипл.град.инж. овластување бр.2.0606 | Водоводна и канализациона инфраструктура |
| 6. Благој Јанков, дипл.ел.инж. овластување бр. 4.0115 | Енергетска и комуникациска инфраструктура |
| 7. М-р Весна М. Димишковска, дизжс | Животна средина и природно наследство |
| 8. М-р. Звонко Бошев, дипл. географ | Природни карактеристики |

Членовите на тимот своите работни задачи, ќе ги извршуваат до одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА АВТОКАМП , КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ. Материјалните ресурси ќе бидат обезбедени согласно тековните потреби.

Во Скопје, 01.06.2021год.

Изработил: М-р. Јулијана Ставревски, диа
Раководител на сектор за урбанистичко планирање

ДИРЕКТОР, М-Р.АНДРИЈАНА АНДРЕЕВА д.и.а.
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**
**ЗА**
## АВТОКАМП,

**КО КАТЛАНОВО**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ:** м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
*број на овластување О.0382*

Julijana Stavrevski
Digitally signed by Julijana Stavrevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030005576521, 2.5.4.97=NTRMK-6067441, o=Agencija za planiranje na prostor, serialNumber=153862, title=Rakovoditel na sektor za urbanisticko planiranje, sn=Stavrevski, givenName=Julijana, cn=Julijana Stavrevski
Date: 2022.01.11 11:16:35 +01'00'

**РАКОВОДИТЕЛ НА УП**
**И ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:** м-р ***Маја Доновски Лукаревска***, *дипл.инж.арх.*
*број на овластување О.0385*

Maja Donovski Lukarevska
Digitally signed by Maja Donovski Lukarevska
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4030005576521, o=AGENCIJA ZA PLANIRANjE NA PROSTOROT, ou=AGENCIJA ZA PLANIRANjE NA PROSTOROT:4030005576521, givenName=Maja, serialNumber=CRT3596447, sn=Donovski Lukarevska, cn=Maja Donovski Lukarevska
Date: 2022.01.11 11:08:06 +01'00'

**ПЛАНЕРИ:**

***Боро Петковски,*** *дипл.инж.арх.*
*број на овластување О.0392*

***Ана Пижула Ефкоски,*** *дипл.инж.арх.*
*број на овластување О.0433*

***Биљана Темелковска,*** *дипл.инж.арх.*
*број на овластување О.0484*

водоводна и канализациона инфраструктура:
*м-р* ***Соња Георгиева - Депинова****, дипл.град.инж.*
*број на овластување 2.0606*

енергетска и комуникациска инфраструктура:
***Благој Јанков****, дипл.ел.инж.*
*број на овластување 4.0115*

животна средина и природно наследство:
*м-р* ***Весна М. Димишковска,*** *дизжс*
*дипл.инж.заш.жив.сред.*

природни карактеристики:
*м-р* ***Звонко Бошев****, дипл.географ*

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

## м-р МАЈА ДОНОВСКИ ЛУКАРЕВСКА

магистер по туризмологија инженер архитект (NQF 302 ЕКТС)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0385**

Издадено на: 02.07.2020 год.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА
## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА
## АВТОКАМП,
## КО КАТЛАНОВО,
## ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

### ВОВЕД

Проектната програма се изработува согласно член 62 став 3 Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, бр. 219/21), а согласно Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планово за 2021 година (Службен весник на РМ бр.15/21) **точка 18** која гласи:

- **Изработка на Урбанистички проект за автокамп во општина Петровец.**

Согласно Член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РМ бр. 32/20), потребно е да се изработи планска документација за:

- **Урбанистички проект за автокамп, КО Катланово, општина Петровец, со тех.бр. F0521.**

Со проектната програма се утврдува границата и содржината на планскиот опфат и истата се состои од текстуален и графички дел.

Одобрената проектна програма ќе биде основа за понатамошна изработка на овој Урбанистички проект.

### ЦЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТОТ

Урбанистичкиот проект има за цел да го преиспита предметниот простор, да се утврди и концептот и идејата за функционирање на Автокампот, да се пропишат стандардите и нормативите за урбанистичко планирање и да се дефинираат условите за градење во рамките на предметниот плански опфат и за користењето на просторот, да се дефинираат основните класи на намени, како и дефинирање на архитектонско - урбанистичките параметри за реализација на планираните градби.

Овој Урбанистички проект како цел има и планирање на комунални супраструктури и инфраструктури со дефинирање на оптимални решенија на водови во планскиот опфат.

При планирањето потребно е да се земат предвид природните погодности и ограничувања на теренот, како и постојниот создаден материјален фонд, преку анализа на постојната состојба (инвентаризација) со цел создавање на основна концепција со конкретни решенија.

Главна цел на Урбанистичкиот проект е уредување и организирање на просторот преку:

- одредување и планирање на градежна парцела,

- утврдување на параметрите за градежната парцела и за површините за градба, врз основа на нормите за планирање,
- утврдување на системот на сообраќајно и инфраструктурно опслужување на планираните содржини,
- приклучок на планираната градежна парцела на сите потребни видови инфрастуктура.

Урбанистичкиот проект кој претставува основен развоен документ, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување препознатлива архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистички проект по потреба изработка на документација од пониско ниво согласно важечката законска регулатива, како и да ги пропише општите и посебни услови за градење.

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Површината на проектниот опфат за Урбанистички проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец, изнесува П=**1.907ha** (19072.05m$^2$). Границата на проектниот опфат е дефинирана со линија и прекршни точки. Земјиштето во рамките на проектниот опфат е во сопственост на РС Македонија.

Предметната локација се наоѓа општина Петровец, на брегот на реката Пчиња.

Проектниот опфат е во рамки на дел од КП 91/1, КО Катланово, општина Петровец.

**ПОВРШИНА:** 19072.05m$^2$

**ПЕРИМЕТАР:** 863.85м'

| Р.бр. | X | Y |
|---|---|---|
| 1. | 7557412.32 | 4639731.11 |
| 2. | 7557425.80 | 4639739.67 |
| 3. | 7557399.46 | 4639793.11 |
| 4. | 7557343.34 | 4639761.35 |
| 5. | 7557319.74 | 4639744.81 |
| 6. | 7557301.04 | 4639705.18 |
| 7. | 7557298.10 | 4639638.95 |
| 8. | 7557305.90 | 4639580.06 |
| 9. | 7557345.40 | 4639481.70 |
| 10. | 7557374.99 | 4639428.86 |
| 11. | 7557374.89 | 4639447.08 |
| 12. | 7557375.52 | 4639460.25 |
| 13. | 7557377.62 | 4639474.86 |
| 14. | 7557379.99 | 4639487.31 |
| 15. | 7557382.40 | 4639498.70 |
| 16. | 7557384.83 | 4639512.15 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | 7557387.82 | 4639529.20 |
| 18. | 7557390.73 | 4639542.12 |
| 19. | 7557393.41 | 4639551.27 |
| 20. | 7557394.97 | 4639555.09 |
| 21. | 7557361.97 | 4639571.93 |
| 22. | 7557346.05 | 4639588.15 |
| 23. | 7557341.71 | 4639603.44 |
| 24. | 7557343.26 | 4639619.56 |
| 25. | 7557346.93 | 4639639.37 |
| 26. | 7557348.99 | 4639663.13 |
| 27. | 7557361.61 | 4639678.33 |
| 28. | 7557375.82 | 4639702.87 |
| 29. | 7557393.24 | 4639720.44 |

## ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

На локацијата предвидена за изработка за Урбанистички проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец**,** не се евидентирани постојни изградени градби.

Просторот опфатен со проектниот опфат се наоѓа на надморска височина од ~231 м.н.в. до ~247 м.н.в.

Сообраќајната поврзаност оди во прилог на изработката на Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец. Сообраќајните правци кои се релевантни за проектниот опфат се:

- Автопат А1 – Граница со Србија (ГП Табановци) – Куманово - Миладиновци - Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија – Граница со Грција (ГП Богородица),
- Регионален пат Р2131 – Драчево (врска со Р1106) – Орешани – Таор – Катланово (врска со Р1102),
- Регионален пат Р29176 – Катланово (врска со Р1102) – Катлановска бања.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА НА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Со Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец**,** се предвидува наменска употреба на земјиштето според Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, бр. 219/21), класи на намени застапени во овој проект се:

- **Група на класа на намена: А (ДОМУВАЊЕ),**
  - Класа на намена: **А 4 – Времен престој**:
    - Поединечна намена: **А 4.6 - Кампови - Спортски кампови, автокампови, детски и младински кампови.**

Класите на намени се утврдуваат согласно Член 75, Член 76 и Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20, бр. 219/21). Планираните основни класи на намени ќе се дополнат со комплементарни класи на намени согласно Член 80 од истиот Правилник.

Во проектиот опфат потребно е да се изврши организација и функционална поставеност на содржините во целина, како и сегментарно усогласување на структурите во рамките на проектниот опфат.

Проектот се базира на креирање на просторни можности за изградба на модерен Автокамп (Камп Катланово) согласно светските стандарди за изградба на ваков тип на објекти, а согласно потребите и можностите на просторот, но со почитување на културно наследство доколку истото се најде на просторот.

Планирањето на големината на градежната парцела, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност како и останатите урбанистички параметри да биде во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РСМ бр. 225/20 и бр. 219/21).

Локацијата е позиционирана во атарот на селото Катланово, до реката Пчиња, во близина на Автопат А1. Се наоѓа на ~32км. југоисточно од главниот град Скопје, во близина на Катлановската бања.

Во рамки на проектниот опфат потребно е да се организира просторот за следните градби:

- 100 места за кампување (трејлери, камп приколки и шатори),
- 10 бунгалови по 30м$^2$ со сопствени тоалети,
- Рецепција со ресторан 150-200м$^2$,
- Заеднички тоалети, тушеви и место за перење 80м$^2$,
- Пристапни патеки.

Просторот треба хортикултурно да се уреди.

Обврзно е почитувањето на оптимално растојание меѓу градбите што ќе гарантира максимална заштита од пожар, заштита од неповолни влијанија на ветер и да обезбеди проветрување, осончување на градбите, безбеден пристап и др.

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

Покрај основната намена на градбите, со изработката на Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец, потребно е да се планира и квалитетна сообраќајна и комунална инфраструктура и супраструктура.

Сообраќајното поврзување на проектниот опфат со поширокото опкружување се предвидува да биде преку регионалниот пат Р29176 (Катланово (врска со Р1102) – Катлановска бања, односно према овој сообраќаен правец да биде ориентиран влезот во автокампот Катланово.

Сообраќајниот систем да биде со високо квалитетно надоврзување на постојниот надворешен сообраќаен систем и воспоставување на јасни внатрешни движења (пешачки, автомобилски и др.) како и обезбедување на стационарен сообраќај.

Планирањето и димензионирањето на секундарната сообраќајна мрежа во рамките на проектниот опфат да биде во согласност со постојните стандарди и нормативи од областа на урбанистичкото планирање и сообраќајот за ваков тип на градби.

Да се планира оплеменување на зелениот фонд во проектниот опфат за подобрување на санитарно – хигиенскиот и естетскиот квалитет на просторот.

Покрај основната намена, за градбите потребно е да се обезбеди и квалитетна сообраќајна и комунална инфраструктура.

Водовите за снабдување со електрична енергија, вода, телефон, да се водат подземно јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

За фекалните отпадни води да се предвиди пречистителна станица, пред нивно испуштање во реципиентот.

При изработката на овој Урбанистички проект да се испланира подложување на соодветен третман на отпадните води пред да тие бидат испуштени во реципиент. Покрај инфраструктурните водови потребно е да се предвиди и простор за инфраструктурните градби односно за супраструктурата, а инфраструктурните градби треба да се вклопат во општиот амбиент.

Сите инфраструктурни водови пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

## ОСНОВА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТОТ

Основа за изработка на **Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец,** ќе биде Стратегијата за одржлив развој (Агенда 21), Услови за планирање на просторот, Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, Проектна Програма изработена од Агенцијата за планирање на просторот,одобрена од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, а одобрена од Министерство за транспорт и врски, како и сите податоци и информации од надлежни институции.

Урбанистичкиот проект ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

- **Законот за урбанистичко планирање** (Сл.в.на РМ бр. 32/20),
- **Правилникот за урбанистичко планирање (**Сл.в. на РСМ бр. 225/20 и бр. 219/21),
- **Закон за градење** (Сл. в. на РМ бр 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, во 129/15 (2 пати има измена во 129) и 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 (Одлука се укинуваат членовите 138 и 140 Сл.в. на РМ бр. 18/11) (укинат член 139 став 1 Сл. В. На РМ бр. 49/11) 39/16, 71/16) (со Сл. в. бр. 103/16 укинат член 61), 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/2020, Укинат член 65-а став 3 со Сл. В. бр. 96/2021
- **Правилник за стандарди и нормативи за проектирање** (Сл.в. на РМ, бр.60/12, 29/15, 32/16, 114/16)
- **Закон за безбедност во сообраќај** (Сл. Весник на РМ бр. 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18, 83/18, 70/19, 98/19),
- **Законот за животна средина** (Сл. весник на РМ бр. 53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 , бр.83/09, 48/10 и 124/10 и 51/11, 123/12 и 93/13 и 187/13 и 42/14 и 44/15 и 129/15, 192/15, 39/16, 99/18),
- **Закон за квалитет на амбиентниот воздух** (Сл. весник на РМ. бр. 100/12- пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15 и 146/15),
- **Закон за управување со отпадот** (Сл. весник на РМ. бр. 09/11 - пречистен текст, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16),
- **Закон за заштита од бучава во животната средина** Сл. весник на РМ. бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15),
- **Закон за заштита на природата** (Сл. весник на РМ, бр. 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18),
- **Закон за заштита на културното наследство** (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15 , 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19),
- **Законот за заштита и спасување** (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/141, 29/15, 71/16, 106/16, 83/18),
- **Закон за управување со кризи** (Сл. весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18),
- **Закон за урбано зеленило** (Сл. Весник на Рм бр. 11/18),
- **Правилник за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото** (Сл. В. на РСМ бр. 205/19),
- **Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи**, (Сл. Весник на РМ бр. 231/20),

како и другата законска регулатива која што се однесува на планирањето и намената на просторот.

При изработката на **Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец**, ќе бидат почитувани сите податоци и информации добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

## СОДРЖИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

**Урбанистичкиот проект за Автокамп, КО Катланово, општина Петровец**, ќе се изработи согласно Член 58 од **Законот за урбанистичко планирање** (Сл.в.на РМ бр. 32/20) и **Правилникот за урбанистичко планирање (**Сл.в. на РСМ бр. 225/20 и бр. 219/21).

Содржината на Урбанистичкиот проект се состои од:

- Текстуален дел,
- Графички дел со нумерички показатели,
- Идејни архитектонски проектни документации на предметните градби.

***

**Прилози на Проектна програма:**

- **Годишна програма** за финансирање на изработка на урбанистички планови, за **2021 година** (Службен весник на РМ бр.15/21);
- **Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога за Урбанистичко-планска документација за Автокамп во општина Петровец** со бр.0839-5582/2 од 27.07.2020год.;
- **Услови за планирање на просторот** со тех. бр.Y16921;
- **Решение за услови за планирање на просторт** со бр. УП1-15 1500/2021.

**Графички прилози:**

- Положба во поширокото опкружување, сообраќајна поврзаност M=1:10000
- Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат M=1:1000

Изработил:
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

____________________

Нарачатели:

АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

____________________________________

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

____________________________________